# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **12.09.2016 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 9 – 2016 год.** |

СЕПТЕМВРИ 2016

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр.2/03) ,а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2016 година (Сл.Гласник бр.13/15), по доставено барање 05- 693 /1 од 02.09.2016 г, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 10.09.2016 година донесе

# О Д Л У К А

**за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на**

**ФК Пролетер 1937 Македонски Брод за учество во трета македонска**

**фудбалска лига -југозапад**

1.На ФК Пролетер 1937 Македонски Брод се одобруваат финансиски средства во висина од 50.000,00 денари како финансиска подршка за учество во трета македонска фудбалска лига - југозапад во есенскиот дел.

2.Останатите финасиски средства потребни за понатамошно учество во фудбалската лига да се одобруваат парцијално со достава на нови барања од страна на фудбалскиот клуб.

3.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2016 година, програма за спорт и рекреација LO, ставка трансфери до спортски клубови.

4.Ова Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 694/3**

**07.09.2016 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на ФК Пролетер 1937 Македонски Брод за учество во трета македонска фудбалска лига -југозапад**

Се прогласува **Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на ФК Пролетер 1937 Македонски Брод за учество во трета македонска фудбалска лига -југозапад**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 07.09.2016 година.

**Бр.08- 694 /4**
**12.09.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 39 од од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16 год.), член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 од од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.02/03), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план вон населено место**
**„Индустриска зона Барбарос“ КО Барбарос општина Македонски Брод**

1.Се донесува Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место „Индустриска зона Барбарос“ КО Барбарос општина Македонски Брод со намена за изградба на Г-2 лесна и незагадувачка индустрија во површина од 9,95ha за плански период 2016-2026 година изработен од страна на Агенцијата за планирање на просторот Скопје со тех.бр.Е 0615 со следната содржина:

1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
2. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
3. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

**<u>1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ</u>**

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

*ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ*

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈАТА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА НАМЕНСКАТА УПОРТЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА
   - 3.1. Граница на плански опфат
   - 3.2. Граница на блок

   *Градежна парцела*

   *Регулациска линија*
   - 3.3. Граница на зони според наменска употреба на земјиштето
   - 3.4. Максимална височина на градбите
   - 3.5. Максимален број на спратови
   - 3.6. Процент на изграденост
   - 3.7. Коефициент на искористеност
   - 3.8. Инфраструктура

3.9. Паркирање
3.10. Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност
3.11. Зеленило

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ЗА ВОДОВИТЕ И ОБЈЕКТИТЕ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА
4.1. Сообраќајно поврзување
4.2. Водостопанска инфраструктура
*4.2.1. Водоснабдување*
*4.2.2. Одведување на отпадни води*
4.3. Електроенергетска, електронско комуникациска инфраструктура и јавно осветлување
*4.3.1. Елекротроенергетска инфраструктура*
*4.3.2. Електронско комуникациска инфраструктура*
*4.3.3. Јавно осветлување*

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО
5.1. Заштита на животната средина
5.2. Мерки за заштита и спасување
*5.2.1. Урбанистичко – технички мерки*
*5.2.2. Хумани мерки*
5.3. Мерки за заштита на културното наследство

6. ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА
6.1. Економско образложение на планските решенија на УПВНМ за Индустриска зона "Барбарос"

7. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
7.1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
7.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

**2. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

2.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

2.2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

**3. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. ПОЛОЖБА ВО ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ И СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ ............ 1:10.000
2. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО ............ 1:1000
3. СООБРАЌАЈНО ПОВРЗУВАЊЕ ............ 1:1000
4. ВОДОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ПОШИРОКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ..... 1:10.000
5. ПЛАН НА ЕЛЕКТРО - КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА ............ 1:1000
6. СИНТЕЗЕН ПЛАН ............ 1:1000

2.Графичкиот дел од Одлуката се чува во одделението за урбанизам при оптината Македонски Брод и не се објавува.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр.18 – 717 /3
10.09.2016 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место„Индустриска зона Барбарос“ КО Барбарос општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место „Индустриска зона Барбарос“ КО Барбарос општина Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 година.

**Бр.08- 717 / 4**
**12.09.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.10 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 и чл.79 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од м.з. с.Звечан бр.18-704 од 05.09.2016 година , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 година донесе

# О Д Л У К А

**за доасфалтирање на крак кој води до мало Грубановци во село Звечан**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 година донесе одлука за доасфалтирање на крак кој води до мало Грубановци во село Звечан во должина околу 800м кој не е опфатен во предходните изведбени работи, за овај крак да се употребат преостанатите финансиски средства во висина од 10 милиони денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 717/3-1**
**10.09.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за доасфалтирање на крак кој води до мало Грубановци во село Звечан**

Се прогласува **Одлуката за доасфалтирање на крак кој води до мало Грубановци во село Звечан**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 година.

**Бр.08- 717 / 4**
**12.09.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.10 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 и чл.79 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од Група на граѓани ул.„Мирче Ацев“ бр.18-714 од 09.09.2016 година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 година донесе

# О Д Л У К А

**за одобрување на финансиски средства за поплочување на крак од ул.„Мирче Ацев“ во Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 година донесе одлука за одобрување на средства за поплочување со бекатон плочки на крак на ул.„Мирче Ацев“ во површина од 50м$^2$ додека изведбата ќе биде на терет на барателите како што е во барањето.

**Член 2**

Средствата за набавка на горенаведниот градежен материјал-бекатон плочки ќе се обезбедат од Буџетот на општина Македонски Брод.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 717/3-2**
**10.09.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за поплочување на крак од ул.„Мирче Ацев“ во Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за одобрување на финансиски средства за поплочување на крак од ул.„Мирче Ацев“ во Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 година.

**Бр.08- 717 / 4**
**12.09.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 точка 42 и 43 од Статутот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за одобрување на вработувања во Општинските установи

1.Советот на општина Македонски Брод потврдува дека сите вработувања во општинските установи биле со согласност од негова страна.

2.Со оваа одлука потврдуваме дека сите досегашни вработувања во општинските установи (ООУ „Св.Климент Охридски“, СОУ „Св.Наум Охридски“, Дом на култура, ОЈУДГ 7-ми Септември и интернат при СОУ „Св.Наум Охридски“) предходно биле обезбедени финансиски средства во Буџетот на Општина Македонски Брод за секоја тековна година.

3. Финансиските средства се предходно одобрени и изгласани од Советот на Општина Македонски Брод во Предлог Буџетот што го доставува Градоначалникот до Советот за секоја наредна година.

4.Оваа одлука влегува во сила веднаш со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18 - 717/3-3**
**10.09.2016 год.**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за одобрување на вработувања во Општинските установи**

Се прогласува **Одлуката за одобрување на вработувања во Општинските установи**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 10.09.2016 година.

**Бр.08- 717 / 4**
**12.09.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 9 од 12.09.2016 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на ФК Пролетер 1937 Македонски Брод за учество во трета македонска фудбалска лига –југозапад ............................................................................................................................................. стр.2

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на ФК Пролетер 1937 Македонски Брод за учество во трета македонска фудбалска лига –југозапад ............................................................... стр.3

Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место „Индустриска зона Барбарос“ КО Барбарос општина Македонски Брод ........................................................ стр. 4

Заклучок за прогласување па Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место „Индустриска зона Барбарос“ КО Барбарос општина Македонски Брод ............................................................................................................................................. стр.7

Одлука за доасфалтирање на крак кој води до мало Грубановци во село Звечан ............................................................................................................................................. стр.8

Заклучок за прогласување на Одлука за доасфалтирање на крак кој води до мало Грубановци во село Звечан ............................................................................................. стр.9

Одлука за одобрување на финансиски средства за поплочување на крак од ул.„Мирче Ацев“ во Македонски Брод ............................................................ ................................ стр.10

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за поплочување на крак од ул.„Мирче Ацев“ во Македонски Брод ....................................... стр.11

Одлука за одобрување на вработувања во Општинските установи .................. стр.12

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на вработувања во Општинските установи ............................................................................................... стр.13